ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE • SHKUP

Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 05-2524/1
Дата/Data: 20.12.22

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

**- СКОПЈЕ**

# ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

## на
## ЈП Паркови и зеленило
## за 2023 година

**Скопје, декември, 2022 година**

## Вовед во програмата

Предвидените инвестициони вложувања за 2023 год. на ЈП Паркови и зеленило се во насока на планирани набавки на постојани средства од типот на лесни и тешки возила и опрема и средства за работа кои ќе бидат во функција на зголемување на ефикасноста за одржување и подигање на нови зелени површини со што би го зголемиле процентот на реализација на нашата Програма за работа, а се со единствена цел за поубав, почист и позелен Град Скопје.

Во изминатите неколку години наназад, ЈП Паркови и зеленило - Скопје инвестираше во посовремена опрема за вршење на својата основна дејност за да го одржува, уредува и заштитува јавното градско зеленило на територија на Град Скопје. Така и во 2023 година нашите стандарди во тој поглед се поставени на едно завидно високо ниво, кое, со расположивиот капацитет на стручни и квалификувани луѓе од една страна и подобра механизација од друга страна, ке се потрудиме Град Скопје да биде една вистинска метропола.

## Цел на програмата

Главната цел на Инвестиционата програмата на ЈП Паркови и зеленило-Скопје за 2023 година е преку инвестирање во инфраструктура на зелени површини и опрема да се подобрат техничко-оперативните, комерцијалните, финансиските и организациските активности на препријатието со цел да се овозможи зголемување на ефикасноста и подобрување на услугите за позелен, почист и урбан Град Скопје.

## Предмет на програмата

Инвестиционата програмата на ЈП Паркови и зеленило за 2023 година во себе содржи финансиски вредности на поедни инвестициони вложувања со цел подобрување на ефективноста во работењето на Претпријатието.

Реализацијата на Инвестиционата програма за 2023 год. ќе зависи прво, од финансиските средствата кои ќе се обезбедат воглавно од приходите од поврзани друштва, односно, приходите од ЈП Водовод и канализација кои се добиваат како надоместок за нашата работа согласно Годишната програма усвоена од страна на Советот на Град Скопје или од вкупно фактурираните сметки од вода и отпадни води кон крајните корисници, второ, од очекуваните финансиски средства за подигање на нови зелени површини и трето, од добиени Субвенции од Град Скопје.

Се надеваме дека во 2023 год. ќе биде реализиран поголем значителен дел за набавка на предвидените лесни и тешки возила, техничка опрема и

средства за работа како и  информатичка опрема, што ќе овозможи поефикасно извршување на програмските задачи како во квалитет, така и во квантитет, што ние како обврска ги имаме кон граѓаните и Ѓрад Скопје. Како што споменавме на самиот почеток услов за остварување на Инвестиционата програма за 2023 год. и во колкав процент ке биде реализирана зависи од вкупно  расположивите финансиски средства на ЈП Паркови и зеленило Скопје што ќе ги очекува во текот на 2023 година.

## Планирани и реализирани инвестиции

## на ЈП Паркови и зеленило - Скопје  во 2022 година

Во текот на 2022 год. од предвидените набавки реализирани се само следните набавки:

**ТАБЕЛА 1.**

| Ред.бр | Набавка на опрема и средства за работа | Кол. | Планирано 2022 год. | Кол. | Реализирано 2022 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моторни пили (големи) | 2 | 129.800,00 | 0 | 0,00 |
| 2 | Моторни пили за кроење жива ограда | 10 | 389.400,00 | 0 | 0,00 |
| 3 | Моторни тревокосачки (со корпа) | 35 | 1.445.500,00 | 0 | 0,00 |
| 4 | Тракторски тревокосачки со два ножа со корпа | 5 | 1.888.000,00 | 0 | 0,00 |
| 5 | Дувалки големи | 20 | 913.320,00 | 0 | 0,00 |
| 6 | Тримери | 20 | 1.215.400,00 | 0 | 0,00 |
| | **Вк.опрема и средства за работа** | | **5.981.420,00** | | **0,00** |
| **Ред.бр** | **Набавка на информатичка опрема и друго** | **Кол.** | **Планирано 2022 год.** | **Кол.** | **Реализирано 2022 год.** |
| 1 | Персонални компјутери | 10 | 472.500,00 | 0 | 0,00 |
| 2 | Лап-топ компјутери | 3 | 220.500,00 | 0 | 0,00 |
| 3 | Мултифункциски принтер | 2 | 75.600,00 | 0 | 0,00 |